# АЈДЕ
# БИДИ
# ВОЛОНТЕР

ВОДИЧ ЗА ВОЛОНТЕРИ

# содржина


1 ЗОШТО ДА СТАНАМ ВОЛОНТЕР?

2 КОЈА Е РАЗЛИКАТА МЕЃУ ВОЛОНТЕР И ПРАКТИКАНТ?

3 КАДЕ МОЖАМ ДА ВОЛОНТИРАМ?

4 КАДЕ ДА НАЈДАМ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА?

5 КОИ СЕ МОИТЕ ПРАВА КАКО ВОЛОНТЕР?

6 ДАЛИ ИМАМ ОБВРСКИ?

7 ДАЛИ ТРЕБА ДА ПОТПИШАМ ДОГОВОР?

8 КАКО МОЖАМ ДА ДОКАЖАМ ДЕКА СУМ ВОЛОНТИРАЛ/А?

9 ДАЛИ ТРЕБА ДА ДОБИЈАМ НАДОМЕСТОК ЗА ВОЛОНТИРАЊЕТО?

10 ШТО АКО МОЈОТ ПРИЈАТЕЛ МАЈКЛ ОД САД САКА ДА ВОЛОНТИРА ВО МАКЕДОНИЈА?

11 ДАЛИ МОЖАМ ЈАС ДА ВОЛОНТИРАМ ВО СТРАНСТВО?

# 1 ЗОШТО ДА СТАНАМ ВОЛОНТЕР?

Волонтерството се темели на доброволност, помош и поддршка на заедницата и сето тоа без материјален надоместок. Придружен термин на волонтерството е солидарноста. Таа претставува помагање на другиот, препознавање на потребите на останатите, здружување со нив, самосвест за вклучување во општествените процеси и сочувствување со индивидуалните приказни на другите членови на заедницата.

Најдобро е да станеш волонтер поради потребата за помагање на останатите, но сосема е во ред да сакаш да земеш нешто и за тебе.

Волонтерот се стекнува со нови знаења и искуства (тимска работа, лидерство, комуникациски вештини, познавања од правниот поредок, проширување на кругот на контакти), остварува свои потреби и желби, споделува вештини, дава свој придонес за одредена цел, работи на своите идеали.



Ќе станеш волонтер кога ќе го исполниш своето слободно време со општествено корисна работа.

2

# Која е разликата меѓу волонтер и практикант?

Многу често се мешаат термините практикант, волонтер и волонтерски стаж. Практиканството се фокусира на стекнување на практични вештини и искуства на практикантот. Практикант е она лице кое сака да се здобие со повеќе знаење искуство од областа која ја учел или студирал и токму затоа најчесто практикатните се ученици, студенти и невработени.

Волонтерски стаж претставува обврска за одредени професии (адвокат, лекар, судија, психолог и др.), па тука отсуствува принципот на доброволност. За разлика од овие, волонтер може да биде било кој, на доброволна основа и примарната цел е да работи за доброто на општеството, индивидуално и колективно.

# 3 Каде можам да волонтирам?

Можеш да волонтираш во органите на државната власт (министерства, агенции, комисии), единици на локална самоуправа и Градот Скопје (општини), јавни установи (болници, музеи, училишта, затвори, факултети, градинки), верски заедници и религиозни групи, здруженија на граѓани и фондации.

Во Република Македонија не може да се волонтира во приватниот сектор. Без разлика каде и да се одлучиш да волонтираш од расположливите институции, вредноста на волонтирањето е иста.

# 4 Каде да најдам информации за волонтирање во Македонија?

Во нашата држава, волонтерството е регулирано во Законот за волонтерство. Придружни на Законот се и правилниците за форма и содржина на волонтерска книшка, начин на нејзино издавање и запишување на податоците, Правилник за издавање согласност за волонтирање на странски лица во РМ, Правилник за водење на евиденција на волонтерска работа и Стратегија за промовирање и развој на волонтерството.



# 5 Кои се моите права како волонтер?

- На надомест на однапред договорените трошоци поврзани со волонтерството (трошоци за храна, трошоци за превоз до и од местото на волонтирањето, трошоци за службени патувања и трошоци за обука);
- На заштита на приватноста и личните податоци;
- Да бидеш консултиран/а и информиран/а при одлучување за начинот на давање на услугите;
- На дневен одмор;
- Во писмена форма да го добиеш описот на правата и обврските кои треба да ги исполниш и да бидеш запознаен/а со условите и опасностите поврзани за време на волонтирањето, пред започнување на волонтирањето;
- Да бидеш запознаен/а со општите акти на организаторот на услугите, односно на оние делови кои се однесуваат на волонтерските услуги, за кои си ангажиран/а;
- Да користиш средства за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;
- На обука, доколку истата е потребна за обезбедување на услугата која е предмет на договорот;

# 6 Дали имам обврски?

Да. Имаш должност да:

- Го известиш организаторот на волонтерството за болеста или други причини за неможноста за давање на услугите;
- Даваш услуга согласно со закон, договорот за волонтерство и општите акти на организаторот на волонтерството со кои претходно си запознаен/а;
- Даваш услуга лично и непосредно;
- Учествуваш во обука, со цел да се обезбеди квалитетот на давањето на услугата;
- Ги чуваш доверливите податоци, односно класифицираните информации на организаторот на волонтерската работа, со кои си запознаен/а пред давањето на услугата и
- Го известиш организаторот на волонтерската работа за штетни последици за кои си запознаен/а кои можат да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица.

# Дали треба да потпишам договор?

# 7

- Доколку волонтираш повеќе од 40 часа месечно, потребно е да потпишеш договор. Во спротивно, немаш обврска да го сториш тоа. Договор може да склучат и лицата кои волонтираат помалку од 40 часа месечно, но тоа не е задолжително.

- За малолетните волонтери, потребна е писмена согласност од неговите родители/старатели како би бил во можност да потпише договор.

- Без разлика дали имаш склучено договор, ти ги имаш истите права и обврски.



# 8 Како можам да докажам дека сум волонтирал/а?



Доказ за твојот волонтерски ангажман е волонтерската книшка. Таа може да ја извади секој волонтер од Министерството за труд и социјална политика (подрачните единици), со приложување на документ за идентификација и договор за волонтирање.

Обврска на одговорните за волонтерскиот ангажман е редовно да ви го заведуваат ангажманот. Книшката може да ја користите секаде каде што ќе волонтирате.

9

# Дали треба да добијам надоместок за волонтирање?



Законот дава можност на волонтерот да му се надоместат трошоците за пат и храна, но ова не е задолжително. Доколку одвојат средства, тие можат да изнесуваат најмногу 15% од просечната плата во РМ исплатена за минатата година.

# Што ако мојот пријател Мајкл од САД сака да волонтира во Македонија? 10



Твојот пријател Мајкл може да волонтира во Македонија, но претходно треба да има исполнето неколку услови. Поточно секое странско лице кое сака да волонтира во Република Македонија, најпрво треба да има дозвола од Министерството за труд и социјална политика. За обезбедување на оваа согласност се грижи организаторот на волонтерската работа, преку поднесување на барање со соодветна документација.

По обезбедување на согласноста за волонтирање, твојот пријател е потребно да го регулира својот престој во Македонија по основ на волонтерството преку барање кое го поднесува до дипломатко-конзуларното претставништво на Македонија во странската земја.

Доколку странско лице сака повторно да дојде и да волонтира во Македонија, кон потребните документи потребно е да приложи и известување за волонтерските активности од минатиот пат.

# 11 Дали можам јас да волонтирам во странство?



Секако дека можеш. Сепак, волонтерството во било која друга земја си има посебни правила и прописи со кои е регулирано. Пред да започнеш со волонтирањето во некоја земја, истражи подобро и пронајди ги законските прописи кои го регулираат волонтирањето, за да знаеш кои се твоите права и обврски како волонтер во земјата.

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

Закон за волонтерство во Република Македонија
www.bit.ly/zakonzavolonterstvo
Правилник за форма и содржина на волонтерска книшка, начин на нејзино издавање и запишување на податоците
www.bit.ly/pravilnikvolonterskakniska
Правилник за начинот на водење на евиденција на волонтерската работа
www.bit.ly/pravilnikvolonterskarabota
Правилник за начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласност за волонтирање на странско лице во Република Македонија
www.bit.ly/volonteristranci
Стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2010-2015)
www.bit.ly/strategijavolonterstvo
Волонтерски Центар на Македонија
Младински културен центар Битола
www.mkcbt.org.mk
Волонтерска инфо точка во Скопје
Младински образовен форум
www.mof.mk
Документи од The International Center for Not-for-Profit Law
www.bit.ly/notforprofitlaw

Автори:
Сања Стефановиќ и Сања Божовиќ

Дизајн:
Дани Јанев

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на авторите, и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

МЛАДИНСКИ
ОБРАЗОВЕН
ФОРУМ YOUTH
EDUCATIONAL
FORUM